Изработила: Сузана Милошева - Левкова

## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 1
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 3 - програма за мултимедијални презентации
**Наставна содржина:** Креирање и активирање едноставна презентација
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да може да креира едноставна мултимедијална презентација
**Очекувани резултати:** Објаснува што е презентација, го објаснува зборот „мултимедијална“
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, модифицира, објаснува

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Се потсетуваме за презентациите што ги изработивме минатата година.

- Што е презентација? (збир од слајдови кои нè информираат за некоја содржина)
- Што означува зборот „мултимедијална“ (слајдовите не содржат само текст, туку и слики, звучни или видео – записи).

**Учечко – поучувачки активности:** Наставникот на LCD проектор прикажува презентација на одредена тема со цел учениците да се потсетат како треба да изгледа целосно изработена презентација.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Внимателно ја следат презентацијата, а потоа ја опишуваат: за која тема се однесува – какви информации ни соопштува, од колку слајдови се состои, какви ефекти и анимации има во неа и сл.
Дискутираме како би можеле да изработиме презентација за соседите на РМ, како надоврзување на знаењата што ги стекнавме на часот за вметнување табели во документ. Во неа ќе го наведеме името на соседот, од која страна на светот е соседот (север, југ...), како се вика главниот град, релјефот и климата.
Дискутираме за програмата во која ќе ја изработиме презентацијата.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Работа во парови, стартување на OpenOffice Impress, се креира презентација со волшебникот за презентации која е празна, без подлоги и ефекти, со избор за распоред на елементите од презентацијата како на сликата од панелот со задачи.




**Активности за евалуација:** Креираната презентација се зачувува како датотека со соодветно име и локација.

obrazovanie.literatura.mk